СФ
судања

***Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

# *П Р А В И Л Н И К*
**за изменување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија**

*-Скопје, декември 2012 година-*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 01-6887/1
31-12-2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана, донесе

***П Р А В И Л Н И К***
***за изменување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија***

***Член 1***

Во Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр.01-5145/1 од 18.07.2011 година, бр.01-5758/1 од 29.09.2011 година и бр.01-3579/1 од 29.06.2012 година во членот 16-а став 1, зборовите „до 31.12.2012 година" се заменуваат со зборовите „до 31.12.2013 година".

***Член 2***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

***Бр.________***
***________2012 година***
***Скопје***

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***
***д-р Фатмир Бесими***

Изработил: Милан Андоновски/
ппполк Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Петар Есмеров

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12) согласно кој начинот за исплата и висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови ги утврдува министерот за одбрана.

Изменувањето членот 16-а став 1 од предметниот Правилник е во контекст на рестриктивните мерки на Владата на Република Македонија насочени кон користењето, односно намалувањето на финансиските средства од страна на буџетските корисници. Во рамките на извршените анализи од финансиски аспект, согледана е потребата да се продолжи мораториумот на одредбата која се однесува на исплатата надоместокот за вршење на служба за дежурство и стражарска служба за временскиот периодот од 31.12.2012 година до 31.12.2012 година, а за кој период времето поминато на вршење на служба за дежурство и стражарска служба би се пресметувало и надоместувало со користење на слободни денови, при што истото и понатаму би се регулирало со посебна наредба на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија во согласност со членот 16-а ставови 2 и 3 од Правилникот.